УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ
И
ДРУШТВО "ДИМИТРИЈА ДИМОВ ЧУПОВСКИ"
с. ПАПРАДИШТЕ

**ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ПРЕРОДБА**

# ДИМИТАР АНДОНОВ ПАПРАДИШКИ

**135 ГОДИНИ ОД НЕГОВОТО РАЃАЊЕ И**

**40 ГОДИНИ ОД СМРТТА**

## 1859 - 1954

ЈУЛИ 1994

Развитокот во ликовната уметност во Македонија и во пошироките простори на Балканот во крајот на XIX век се засновува "врз инспирација и предлошци од доцно византиското слилкарство" , со белези на рустикалност, што е создавана од рацете на самоуки зографи. Контактите и комуникациите со развиена Европа делувале позитивно кај одделни зографи, така што постепено ја менувале нивната свест и дотогашниот конзервативен дух. Нај истакнати меѓу нив биле, Димитар Андонов - Папрадишки и Ѓорѓи Зографски.

Димитар Андонов под влилјание на поразвиените културни средини почнал прв поинаку да ги доживува религиозните мотиви и прв да слика мотиви со профана содржина. Тој творел во периодот меѓу поствизантиската уметност и првите почетоци на македонскато современо сликарство. Тоа било време на раскинување со традицијата на црковното сликарство и вклучување во негови токови на современата ликовна уметност, што го прифатил Димитар Андонов - Папрадишки. Има изработено голем број портрети, интимни портрети, автопортрети, фигурални композиции, пејзажи и друго. Тие се реалистично обработени и претставуваат луѓе од неговото време, негови современици, легитимирајќи се како хроничар на почетоците во развојот на граѓанската средина. Повеќето се свештеници, занаетчии, трговци, личности од дипломатијата и од тогашната цивилна и воена власт.

Во развојниот пат на македонската ликовна уметност Д. Андонов одигра историска улога посебно во преодниот период се до појавата на македонската модерна уметност. Неговото творештво е одраз на духот на времето кое ги носи новите пораки подеднакво како во црковното така и во профаното сликарство. Така што без резервно може да се констатира дека е предходник на профаното-граѓанско сликарство кај нас.

Творештвото на Димитар Андонов - Папрадишки ги поврзува двете епохи, на последните одблесоци на зографското творештво и првите обиди за воведување световно сликарство во Македонија кон крајот на XIX век, кој што го презентира во дух на лирски-провинциски-академски реализам, со елементи на наивен романтизам.

Неговото ателје го посетуваа првите модерни македонски сликари: Димитар Пандилов, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Томо Владимирски и други. Контактите со неговото творештво во исто време го означуваа запознавањето и поврзувањето со македонските фрески, фолклорното творештво и огромната ликовна традиција во Македонија.

Мирјана Талеска



Автопортрет од младоста, 1930 - 1935

**ДИМИТАР АНДОНОВ - ПАПРАДИШКИ,**
**зограф - сликар**

Роден е во с, Папрадиште 1859, умрел во Скопје 1954 год. Потекнува од познато семејство на градители и зографи. Првите поуки во зографскиот занает ги добил од татко му Андон. Во текот на 1882-83 ја посетувал Уметничката иконографска школа во Киев. Патувал во Дрезден, Белград, Рума и Света Гора. Работел на црквите во Македонија,Србија,Босна и Херцеговина. Познати му се фреските во црквите на манастир Св. Јоаким Осоговски и Св.Пантелејмон во с.Пантелеј.

## КАТАЛОГ:

1. Детски портрет,1888/1889
   масло на картон,34,7x26,7
   сигн.позади

2. Пејзаж,1897 (?)
   масло на платно,49,5x46,4
   сигн.д.д.Д.А.Папрадошки

3. Портрет на Анѓелко Андонов,1900/1901 ?
   масло на картон,35x30
   б.с.

4. Портрет на Леон Мелконијан,1926-1930
   масло на платно врз лесонит,1о5,2x70
   сигн.д.водоравно: Leon C. Melkonian à l'age. de 9 ans. /le 14 novembre 1900
   д.л.Д.А.Папрадишки
   сопств.Зое Личеноска

5. Портрет на Прота Пешиќ
   ,прва половина на 3О-тите години
   масло на јута,17,8x12,5
   б.с.

6. Портрет на свештеник,
   прва половина на 30-тите години
   масло на платно19,3x11,3
   б.с.

7. Мотив од Драгачево,1932
   масло на платно,83x66,7
   сигн. д.д. Д.А.

8. Автопортрет од младоста,
   прва половина на 30-тите години
   масло на платно, 24,8x18,8

9. Автопортрет, кон крајот од
   првата половина на 30-тите години
   масло на картон, 29,4x00,2

10. Портрет на ќерката на уметникот, 1936/1937
    масло на јута врз шпер плоча, 36,5x28,8
    б.с.

11. Пејзажот од Матка, 1937/1938
    масло на картон, 30,9x29,8
    б.с

12. Глава на старец, 1942
    масло на ленено платно,33,3x24,6
    б.с.

13. Смртта на Гоце Делчев, 1943
    масло на платно,64,2x42,8
    сигн.д.д.Д.А.

14. Портрет на Гоце Делчев,1943
    масло на платно, 64,5x49,3
    сигн. д.д. Д.А.

15. Нишалка, 1943
    масло на шпер плоча, 62x47
    сигн. д.л. Д.А.

16. Селска свадба, 1943
    масло на платно,57,9x34,7
    сигн.д.л. Д.А.

17. Портрет на мојот внук, 1949
    масло на платно, 39,2x30
    сигн. д.л. Д.А.

18. Портрет на ќерка му со внуче,1949
    масло на шпер плоча, 55x39,9x4
    сигн.д.д. Д.А.

19. Портрет на моето внуче, 1950
    масло на платно, 21,7x15,9
    б.с.

20. Оро,1952 (1953)
    масло на платно, 68,3x54
    сигн.д.д. Д.А.

*На штафелај: Лазар Личеноски,
Портрет на Димитар Андонов Папрадишки,1946(?)

издавач: уметничка галерија, скопје
одговорен уредник: драган бошнакоски
организација на изложбата: мирјана талеска
концепција, избор и ликовна поставка: мирјана талеска
Ликовно обликување: денко матевски
печат: печатница "нова македонија"
тираж: 400

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетскабиблиотека "Климент Охридски", Скопје

АНДОНОВ , ДИМИТАР ПАПРАДИШКИ
Димитар Андонов Папрадишки : 135 години од неговото раѓање и 40 години од смртта : Уметничка галерија Скопје Даут Пашин Амам, јули 1994 / [ организатори Уметничка галерија, Друштво "Димитрија Димов Чуповски" с. Папрадиште ; одговорен уредник Драган Бошнакоски ; организација на изложбата и предговор, концепција, избор и ликовна поставка Мирјана Талеска ; ликовно обликување Денко Матевски ] . - Скопје : Уметничка галерија , 1994. - [ 4] стр. : илустр. ; 22x22см
Кор. насл.

**Спонзори**
Изградба - комерц Скопје
Феријален дом Скопје